Мај 2022 | Бр. 1

# БИЛТЕН

Новости за Еразмус + Проектот

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

SysMind

DISCOVERING A SUSTAINABLE MINDSET

## Содржина

Од уредникот .................................... 1
Проектни партнери ............................ 1
Прв состанок во Виена ....................... 4
Содржини на состанокот ................... 5
Виенската култура ............................. 6
Осигурување на квалитет ................. 7



## Од уредникот

Прашањето е како да се олесни интеркултурниот пристап кон ОРЦ и проблемите за одржливост, без да се има селективен и дискриминаторски пристап. Во моментов, речиси и да нема конкретни наставни материјали во полето на одржливоста за наставниците и обучувачите од стручното образовние, во поглед на етиката, вредностите и интеркултурните/ интер-религиските компетенции.

Побарувачката за транснационални активности за учење, кои комбинираат иновативни методи на учење (дигитално учење), професионално и персонално учење, е голема. Со цел да се конкретизира и имплементира апстрактната тема за одржливост во компаниите и училиштата, потребни се нови инструменти, методи и наставни концепти, како и компетентни обучувачи за идеите за мотивација и имплементација на одржливоста.

Има потреба од развој на специјална едукација и програми за обука, кои ќе бидат фокусирани на одржливоста. SysMind поврзува различни реалности со интеркултурна и интеррелигиска позадина, со еколошка одржливост и стручна обука. Наставниците и обучувачите го подобруваат знаењето на темата како и вештините за странски јазици, додека пак учениците се подготвени за идните предизвици на работното место. Стручните училишта, како и компаниите со обучувачи, тренери или ментори, имаат бенефит од овој проект бидејќи наставниците можат да ги направат своите предавања попривлечни, додека пак на обучувачите им е овозможено да ги интегрираат прашањата за одржлив развој во нивната работа. Средбите ширум Европа, ја мотивираат отвореноста кон разноликости. Во тој поглед, SysMind помага да се поврзат интеркултурноста, интер-религиозноста и интердисциплинарноста и да се изберат партнери со различни атрибути, искуства и идеи за одржливост во стручното образование.

## Прокетни партнери

**Универзитетски колеџ за аграрна и еколошка педагогија**

Универзитетскиот колеџ за аграрна и еколошка педагогија е надлежен центар за зелена педагогија. Преку надополнување на теоретските познавања со практична настава, студентите се стекнуваат со потребните компетенции за нивната идна професија. Наставата, учењето и истражувањето се засноваат на еколошки, економски и социјален пристап. Во моментов, се нудат три додипломски програми и две постдипломски програми. Покрај тоа, постојат различни можности за понатамошна едукација и обука, кои се движат од полудневни семинари до едносеместрални предмети.



**Интренационален земјоделски центар за обука**

Интернационалниот земјоделски центар за обука, или скратено UTEM, е еден од трите центри за континуирана обука, кој што соработува со Министерството за земјоделие и шумарство во Турција. Најважната мисија на UTEM е развој на капацитетите за човечки ресурси во министерството, преку спроведување на програми за обука. Оттука, целната група на UTEM се состои од околу 150.000 вработени во министерството. Одржливото користење на природните ресурси е примарен фокус на курсевите за обука на UTEM. Колеџот е лоциран во Анкара, во регионот Средна Анадолија, меѓутоа, не постои географско ограничување во неговото работење.





**Украински национален шумарски универзитет**

Украинскиот национален шумарски универзитет (УНШУ) е најголемиот образовен и истражувачки центар за шумарство во Украина (основан во 1874 година) и е членка на STARS. Тој е единствениот центар во Украина што обучува професионалци за сите специјалности од шумскиот сектор и ги специјализира за истражување во областа на шумарството и дрвната индустрија.

Преку студиските програми на УНШУ, студентите можат да се стекнат со диплома за завршени додипломски и постдипломски студии во рамките на шумарството, хортикултурниот менаџмент, пејзажната архитектура, технологиите на дрво, хемиските технологии за обработка на дрвото, компјутерската наука, дизајнот, инженерската механизација, дрвната сеча, автоматизацијата и компјутерските технологии, економијата во претприемништвото, менаџментот, сметководството и оданочувањето, екологијата, заштитата на природата и животната средина и оптималното користење на природните ресурси, економијата на ресурсите на природата и животната средина. Универзитетот нуди 8 постдипломски и 4 докторски програми.





**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) е јавна високо-образовна институција, како и првиот и најголем државен универзитет во Северна Македонија. Составен од 23 факултети, 5 истражувачки институти и 4 придружни членки - јавни научни установи. УКИМ нуди високо-квалитетни студиски и истражувачки програми во сите научни области: природно-математичките, техничко-технолошките, медицинските науки и здравството, биотехничките, општествените, хуманистичките науки и во уметностите. Денес, над 60.000 домашни и странски студенти ги следат програмите за прв, втор и трет циклус на студии и секоја година се запишуваат над 10.000 нови студенти. Филозофскиот факултет во Скопје (вклучен во овој проект), основан во 1920 година, е најстарата високо-образовна институција во Северна Македонија. Денес, тој е сочинет од 12 институти од хуманистичките и општествените науки, односно, филозофија, педагогија, историја, историја на уметност и археологија, класични студии, психологија, социологија, социјална работа и социјална политика, безбедност, одбрана и мир, специјална едукација и рехабилитација, родови студии и семејни студии.



**Црковен педагошки универзитет Виена/Крем**

Црковниот педагошки универзитет Виена/Крем (ЦПУ) е најголемиот приватен универзитетски колеџ за образование во Австрија. Лоциран е на 7 места во Виена и Долна Австрија. Седумте христијански цркви меѓусебно соработуваат: католичката црква, евангелистичката црква на Аугсбуршката исповед и на Хелветската исповед, грчката црква, три православни цркви и старата католичка црква. Нивните идентитети се зачувани во обуката. Во рамките на обуката за верски учители и унапредувањето на меѓурелигиските компетенции, ЦПУ соработува со слободните цркви, исламската религиозна заедница, алевитската религиозна заедница, израелската религиозна заедница и будистичката религиозна заедница.

Понудата за обука на наставници при ЦПУ, се состои од програми за обука на наставници во основно и средно образование, додипломска студиска програма за основно образование и соработки во областа на веронауката. Дополнително, постои програма за понатамошно и континуирано образование преку семестрални предмети (сè до диплома за завршени постдипломски студии), организација на настани за понатамошно образование и поддршка на наставните развојни процеси. Во моментов, ЦПУ брои 2.500 студенти во основното образование и околу 1.000 студенти во курсевите за континуирано образование, како и 40.000 студенти во континуираното образование.

**Латвиски универзитет за животни науки и технологии**

Латвискиот универзитет за животни науки и технологии е мулти-профилна образовна институција, која што брои 8 факултети и повеќе од 4000 студенти. Универзитетот нуди студиски програми по економија, социологија, информатичка технологија, а исто така и единствени научни дисциплини како технологија на храна, кетеринг и хотелски менаџмент, ветеринарна медицина, шумарство, земјоделство и пејзажна архитектура.



Главниот кампус на латвискиот унивезитет за животни науки и технологии е лоциран во најзначајното ремек дело на архитектот Б.Ф. Растрели, Јелгавскиот дворец.

**Фондација Монте Медиеранео**



Прашањето, кое што во 1992 година во Рио де Жанеиро беше дискутирано како „одржлив развој“, требаше да има практична примена во Андалузија. Така започна овој нов потфат на комбинирање на практиките за одржлив развој со еколошкиот развој на пределот, дехесата! Основачите и останатите заинтересирани страни придонесоа средства во фондацијата, кои што беа искористени за купување на ранчот, шталата, помошните објекти, земјоделските површини и за воспоставување на потребната инфраструктура. Како резултат на тоа, операцијата ќе биде самоиздржлива. Филозофијата зад методите на работа на екосистемот дехеса - последната бариера до пустината - е „одржливост“, што значи дека требаше да се користат традиционалните методи за да се генерира профит од земјоделие, сточарство и шумарство. Истовремено, тие методи се дизајнирани и се употребуваат за одржување и зголемување на производните квоти, за најдобро искористување на потенцијалот на расположливите ресурси. Покрај агро-еко активностите, фондацијата врши подигнување на свеста, едукација и обука, истражување, помага во руралниот развој, учествува во интернационални проекти и пласира сопствени производи. Фондацијата влезе во јавниот домен преку BOJA, бр. 40 на 26 март, 1994 година. Регистрината е под број HU 521 [претходно A 26/S.E.15] во централниот регистар на Андалузија.

**Planung&Vielfalt | Elke Szalai**

Елке Шалај е пејзажен планер и менаџер на знаење. По завршувањето на студиите при Универзитетот за природни ресурси и применети животни науки, основала компанија. Таа е претприемач од 2004 година, додека пак од 2008 година е предавач на различни универзитети, универзитети за применети науки и колеџи за обука на наставници. Од 2018 година, покрај нејзиното самовработување, таа е и асистент-истражувач на Универзитетот за применети науки во Бургенланд и универзитетски предавач.

Поседува сертификат за управување со разноликости и магистратура по менаџмент на знаење.

Нејзините истражувачки и образовни теми опфаќаат одржлив развој, технологија и општество, родови студии и е-учење, регионално и пејзажно планирање, особено како лидер на работилница и изработувач на прокети за LEADER регионите во Австрија.

Од 2015 година, работи на меѓународно ниво во име на OEAD во Албанија, Косово и Северна Македонија на развој на училиштата, квалитетот на образование во средните стручни училишта, фокусирајќи се на девојчињата и прашањето за родова еднаквост.

Има два сина и пасија за Аштанга јога.

## Прв состанок во Виена

Првиот интернационален состанок во рамките на Еразмус прокетот SysMind, се одржа на 5 и 6 април, 2022 година, во Виена. После заедничка вечера во Palatchinkenkuchl, учесниците од 6 европски земји отидоа на ноќна прошетка во градот. Следниот работен ден започна со обраќање на ректорот на ЦПУ Виена/Крем, проф. д-р Криштоф Бергер. Откако сите партнери се претставија, следуваше емотивна порака од проф. Саловиј од Украина, која што имаше спектакуларен крај-молитва. Проф. д-р Јохан Хиш, основачот на Интернационалната едукативна мрежа PILGRIM, ги презентира педагошките и работните методи на PILGRIM. Потоа, во Едукативниот центар за одржлив развој и духовност, беше изложена програмата на експертите за животна средина. Откако учесниците ручаа во центарот на градот, следуваше интересна тура со водич во Ботаничката градина, каде религиозната симболика на растенијата беше претставена од перспектива на различни религии. За време на последната попладневна работна сесија, групата разговараше за водечките принципи и логото на SysMind. Вечерата во ресторанот "12-Apostel-Keller", не беше само кулинарско задоволство, туку и пријателска дружба, со испеани песни на различни јазици, од различните земји учеснички во проектот.

За време на вториот работен ден, групата дискутираше за управување со квалитетот и проширувањето на SysMind проектот. Додека размислуваа, учесниците можеа да ја почувствуваат тишината на светото место во црквата Maria am Gestade, односно да го искусат духот кој го имаат сите свети места. По кафе паузата, следуваше посета на Виенската бизнис школа, која што е PILGRIM школа. Таму, студентите ги презентираа своите проекти, кои се имплементираат во областа на одржливоста и духовноста. Завршница на интернационалниот состанок беше заедничкиот ручек во ресторанот "Sparky's", во центарот на градот. Состанокот во Виена беше првата средба за запознавање на сите учесници. Се обидовме да дадеме солидни работни импулси во областа на оджливоста во образованието и да ја искомбинираме интелектуалната работа со елементи на духовност.

# Содржини на состанокот

**Информации за резултат бр.1**

Во резултат бр.1 од Erasmus + KA2 SYSMIND, идејата е да се развијат алатки кои што ќе им помогнат на наставниците и обучувачите во обуката за стручно образование, да допрат до своите ученици или студенти, предавајќи екологија и одржливост. Главниот фокус на овој резултат е да се покрене свеста за различните културни, религиозни и духовни позадини: наставниците и обучувачите може да станат свесни за својот став или однос кон различните позадини и на тој начин може да се обучат да ги препознаваат различните позадини кај своите ученици или студенти. Оваа свест претставува основа за развој на алатки, вежби, методи, стратегии итн., за пренесување на содржините од областа на екологијата и одржливоста, кај учениците и студентите од различна културна, религиозна и духовна позадина.

**PILGRIM**

Еден од најзначајните сегменти на првата одржана средба за проектот SysMind, беше излагањето на Интернационалата едукативна мрежа PILGRIM, на тема педагогија на одржливоста во корелација со духовноста. Главниот фокус на ова предавање беше да се даде идеја за почетоците на PILGRIM, кој што е резултат на истражувачки проект од 2002/3 година, финансиран од Министерството за образование и наука. Духовноста во проектите е прикажана преку употребата на сите сетила, со цел да се разбере светот онаков каков што е. Четирите теми на SysMind – вода, земја, оган и воздух, веќе се дел од логото на PILGRIM. Фокусот на училишната настава е појаснувањето на интеркултурните етики и вредности, кои исто така се интегрирани во сите религии во Австрија. Од 2015 година ОН ги претстави 17-те ОРЦ со цел да креира проекти за училишните програми. PILGRIM работи на оваа проблематика, како и на 7-те цели на енцикликата „Лаудато си“ на Папата Фрањо.

**Духовноста во проектите за одржливост на PILGRIM**

Центарот за образование за одржлив развој при ЦПУ Виена/Крем, врши педагошки надзор на PILGRIM проектите во поглед на одржливост и духовност. Низ годините имало 1500 проекти наменети за различни нивоа на образование, од градинка до високо образование. Во овие проекти се вклучени ученици од различни религии и деноминации. Тие го носат сопственото религиозно искуство и сопствената перспектива во своето опкружување. Ова е најзначајниот педагошки пристап кон духовноста, кој што го применува PILGRIM, секој ученик, секоја група на ученици има своја духовност, која што ја носи во проектните настани.

Кога станува збор за создавање, религиите имаат богато искуство кое треба да се открие и доживее. Религиите се учителки на величење и благодарност. Човек може многу да извлече и научи од нивната древна мудрост и медитациска моќ. Вклучувањето на верските наставници и теолози во проектите за одржливост е значајно продолжување на посветеноста кон животната средина. Духовноста може да се изрази и преку други области на културата, како музика, поезија, архитектура. Сите овие области се достапни за едукаторите и студентите и преку нивно вклучување во наставната програма може да се збогати и зајакне поврзаноста на учениците/студентите со животната средина. Филозофијата им дава можност на студентите да ги поставуваат големите животни прашања, како: Од каде сме? Каде одиме? Зошто сме тука? Во областа на филозофијата, може да бидат поставени прашања за подлабокото значење за еколошкиот ангажман, може да бидат откриени и именувани заеднички вредности. Духовноста има голема вредност. Може и треба да биде доживеана во педагошката средина во школите, на интердисциплинарен, интер-религиски и интерденоминаторски начин.

**PILGRIM проектите во Виенската бизнис школа**

Виенската бизнис школа е приватно училиште во стариот град на Виена, основана од Фондацијата на виенските трговци. Таа е најстарото средно економско училиште на територијата на севкупното германско говорно подрачје. Од 2002 година па натаму, покрај одличното економско образование, Бизнис школата, секоја година воведува бројни проекти на тема одржливост и духовност. Проектите се засноваат на римо-католичкото религиозно образование и се интердисциплинарни, интерденоминаторски и интер-религиски. Поврзаноста на одржливоста со духовноста, отвора можности за учениците да го вклучат своето религиско образование или својата вероисповед во проектот. Ваков пример е проектот „Сиромаштијата не прашува", кој што ја обработуваше сиромаштијата во Косово, Египет и Виена. Во проектот земаа учество студенти од муслиманска и христијанска вероисповед, со цел да ги поддржат сиромашните луѓе од овие три земји, без разлика на нивната религиозна припадност. Тоа беше една одржлива акција, која што даде можност да се откријат заеднички добротворни идеи во двете светски религии. Друг проект, кој што го реализира школата, се однесува на програмата на експертите за животна средина на PILGRIM, која почна да се воведува во повисоките одделенија низ цела Австрија. Оваа програма се развива во соработка со ЦПУ Виена/Крем и IBN PILGRIM. Истата веќе две години е изработена, тестирана и имплементирана во Виенската бизнис школа. Во изминатите 20 години, Виенската бизнис школа има реализирано повеќе од 200 проекти. Интерната Амикус награда на проектните групи им нуди платформа, преку која имаат можност да ги презентираат своите проекти на поширока публика, која вклучува студенти, наставници, родители и почесни гости, како и да добијат наградата за истото. Мотото на PILGRIM: Живеејќи свесно – давајќи иднина, го збогатува и влијае врз економското образование во школата.

## Културата во Виена

**Природата во Виена – Екскурзија во светот на ботаниката**

Едно попладне беше посветено на посета на Ботаничката градина. Вклучувајќи 12.000 растителни видови, истражувани од сите области на биологијата, Ботаничката градина во Виена е совршено место да се биде дел од природата и науката. Оваа исклучителна колекција на растенија, вбројува загрозени видови, егзотични растенија, како и претставници на домашната флора. Голем дел од овие растенија постојано се истражуваат од научната фела и се применуваат во образовниот процес на студентите. Насадите и ливадите во градината претставуваат значајно живеалиште за дивиот свет. За нас, како посетители, градината беше место за прошетка и релаксација.

**Природата наклесана на камен - Катедралата Свети Стефан**

Интересен сегмент од средбата во Виена, беше една вечерна посета на катедралата Св. Стефан. За да се разбере една градба од Средниот век, потребно е да се разбере критериумот за културата од тој период. Имено, за време на проектирањето и изградбата на куполата, како единица мерка за должина не бил земен метар (m), туку стапка (ft~ 0,32 m). Ваквиот начин на запознавање со културата од дамнешните времиња, ни дава нова перспектива за осознавање на денешницата. Понатаму, импресивната ориентираност на катедралата кон исток, онаму каде што изгрева сонцето, како симол за Христа, дава поттик да се осознае светот преку етичките сетила.



**Виена навечер**

Нашиот работен ден заврши со културната програма „Виена навечер“.

Шетајќи низ стариот град, поминавме покрај неколку сакрални објекти, како катедралата Св. Стефан, грчката православна црква, синагогата, католичката црква Св. Руперт, најстарата црква во Виена, како и покрај меморијалното место на некогашното седиште на Гестапо и покрај реката Дунав. Инспирирани од мноштвото стекнати впечатоци во текот на вечерта, со нетрпение очекувавме уште еден интересен ден од нашиот Еразмус проект.

## Осигурување на квалитет

Елке Шалај е одговорна за менаџмент на квалитетот во SysMind, кој што е поделен во два комплементарни циклуси – едниот внатрешен, во чии рамки се врши евалуација на проектните планови, нивно спроведување и извршување, а другиот надворешен, кој е потпомогнат од одбор за квалитет. Бенефитите од овие два циклуси се лесно објасниви:

Планирање на безбедност за сите учесници во проектот и континуиран развој на работните задачи, како и соработка со проектниот тим.

Надворешни експертизи, особено при обработката на содржината и структурата, како и при поставување на методолошко-дидактичката рамка на планираните MOOC.

Во поглед на интеркултурна примена на содржината на курсот и самиот курс, планирано е во одборот да бидат вклучени експерти од секоја земја партнер.

Целиот проектен план и првичните алатки веќе се поставени и се достапни на Moodle платформата!

По првиот транснационален состанок во Виена, беше спроведена онлајн анкета со проектните партнери, која веднаш покажа дека е апсолутно неопходно еваулацијата да се изврши на лице место, а не онлајн, по завршувањето на секој состанок, сѐ со цел да се мотивираат сите учесници.Тоа е првото нешто што го научивме!

